Врз основа на член 47 став 1 точка 6-а) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 74/24), член 65-г став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 122/21) и член 16 став 1 точка 6 и член 17 став 1 точка 1 од Законот за финансиска стабилност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија

**(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 136/24)**

1. Во Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/21 и 149/21), во точката 11 и точката 14 став 3 алинеја 1, зборовите: „Советот на Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор на Народната банка“.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**О бр. 02-23460/4**
**26 јуни 2024 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**

**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**